# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3770 СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СРМ
91001 - СКОПЈЕ, п.фах 51

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Среда, 17 октомври 1990
Скопје
Број 32 Год. XLVI

Аконтацијата за 1990 година изнесува 300 динари. Овој број чини 6 динари. Жиро сметка 40100-603-12498


**565.**

Врз основа на член 86 од Законот за општонародна одбрана („Службен весник на СРМ“ бр. 17/88) и членот 67 од Деловникот на Претседателството на СРМ, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 9 октомври 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ ЗА НАРОДНА ОДБРАНА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СРМ И ЗА ИМЕНУВАЊЕ НОВ ЧЛЕН НА СОВЕТОТ

1. Зоран Костовски, досегашен републички секретар за народна одбрана, се разрешува од член на Советот за народна одбрана како и од должноста секретар на Советот.

2. За нов член на Советот за народна одбрана се именува д-р Ристо Дамјановски, републички секретар за народна одбрана, кој воедно ќе ја врши и должноста на секретар на Советот за народна одбрана.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“

Бр. 08-912
9 октомври 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
д-р **Владимир Митков,** с. р.

---

**566.**

Врз основа на член 16 од Законот за републичките совети („Службен весник на СРМ“ бр. 27/75) и член 56, став 1, алинеја 7 од Деловникот на Претседателството на СРМ, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 9 октомври 1990 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОВЕТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОРЕДОКОТ УТВРДЕН СО УСТАВОТ И ЗА ИМЕНУВАЊЕ НОВ ЧЛЕН НА СОВЕТОТ

1. Зоран Костовски, досегашен републички секретар за народна одбрана, се разрешува од член на Републичкиот совет за заштита на поредокот утврден со Уставот.

2. За нов член на Републичкиот совет за заштита на поредокот утврден со Уставот се именува д-р Ристо Дамјановски, републички секретар за народна одбрана.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-913
9 октомври 1990 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
д-р **Владимир Митков,** с. р.

**567.**

Врз основа на член 4 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1990 година („Службен весник на СРМ“ бр. 5/90), а во врска со член 53, став 1, точка 1 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ“, бр. 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88, 51/88 и 18/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Од средствата на Постојаната резерва на СР Македонија се дава позајмица во износ од 2.650.000 динари на следниве општини:

| | |
|---|---|
| — Свети Николе | 450.000 |
| — Кавадарци | 1.500.000 |
| — Ресен | 700.000 |

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука на општините им се даваат со рок на враќање до 30 декември 1990 година.

3. За користењето и враќањето на средствата од точка 1 на оваа одлука ќе се склучи договор помеѓу општините и републичкиот секретар за финансии.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-2067/1
6 октомври 1990 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

---

**568.**

Врз основа на член 15 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1990 година („Службен весник на СРМ“ бр. 5/90), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1990 ГОДИНА

1. Од средствата предвидени во Републичкиот буџет за 1990 година во раздел 66 позиција 598, за учество на Републиката во изградба на водоводи во општините се распоредува износ од 10.000.000 динари и тоа за:

| | | |
|---|---|---|
| — Општина Битола | 900.000 | динари |
| — Општина Виница | 200.000 | „ |
| — Општина Гевгелија | 500.000 | „ |
| — Општина Демир Хисар | 400.000 | „ |
| — Општина Охрид | 700.000 | „ |
| — Општина Прилеп | 2.200.000 | „ |
| — Општина Ресен | 500.000 | „ |
| — Општина на град Скопје | 800.000 | „ |
| — Општина Струмица | 900.000 | „ |
| — Општина Тетово | 600.000 | „ |
| — Општина Титов Велес | 600.000 | „ |
| — Регионален водовод „Студенчица“ | 1.700.000 | „ |

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука ќе се користат за учество на Републиката во висина од 50% од средствата што ги обезбедува општината за таа намена.

Средствата од став 1 на оваа одлука ќе се користат без обврска за враќање, а сразмерно на учеството на општината.

3. За спроведувањето на оваа одлука ќе се грижи Републичкиот секретаријат за финансии, а за начинот, динамиката и наменското користење на средствата ќе склучи договор со општините.

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-2115/1
6 октомври 1990 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

---

**569.**

Врз основа на член 4 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1990 година („Службен весник на СРМ" бр. 5/90), и член 36 од Законот за работни односи („Службен весник на СРМ", бр. 20/90), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

# ОДЛУКА
## ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Од Постојаната резерва на СР Македонија се дава позајмица на Републичкиот фонд за заеднички резерви во износ од 1.367.115,00 динари.

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука му се даваат на Фондот за обезбедување на средства за исплата на загарантиран личен доход со придонесите за здравствена заштита и за пензиско и инвалидско осигурување на вработените во работната организација „Керамика" — Пехчево.

3. Средствата од точка 1 на оваа одлука му се даваат на Фондот со рок на враќање до 15 декември 1990 година.

4. За користење и враќање на средствата од точка 1 на оваа одлука ќе се склучи договор помеѓу Фондот и републичкиот секретар за финансии.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на обајвувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-2138/1
9 октомври 1990 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

---

**570.**

Републичката изборна комисија, врз основа на точка 3 на став 1 на член 15 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници („Службен весник на СРМ" бр. 28/90), на седницата одржана на 6 октомври 1990 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
## ЗА ПРОПИШУВАЊЕ НА ОБРАСЦИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРНИТЕ ДЕЈСТВИЈА ЗА ИЗБОР И ОТПОВИКУВАЊЕ НА ПРАТЕНИЦИ И ОДБОРНИЦИ И ЗА НИВНАТА УПОТРЕБА ОД ИЗБОРНИТЕ ОРГАНИ

1. Со ова решение се пропишуваат обрасците за спроведување на одделните дејствија во постапката за избор односно отповикување на пратеници и одборници и начинот на нивната употреба од органите за спроведување на изборите односно на отповикувањето на пратеници и одборници.

2. За спроведувањето на одделните изборни дејствија, согласно Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници (Законот), се пропишуваат обрасци.

Изборните обрасци од ставот 1 на оваа точка се составен дел на ова решение.

Изборните обрасци соодветно се применуваат и за изборот на одборници во собранијата на општините и на одборници во градската заедница.

3. Органите за спроведување на изборите односно на отповикувањето на пратеници и одборници се должни обрасците пропишани со ова решение да ги употребуваат во согласност со соодветното изборно дејствие пропишано со Законот.

4. Обрасците пропишани со ова решение и другите изборни материјали (гласачки ливчиња, записници за работата на изборните органи, извештаи и друго) се чуваат кај надлежната изборна комисија до истекот на мандатот на избраните пратеници и одборници.

5. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Упатството за користење и употребата на обрасците за извршување на одделни изборни дејствија утврдени со Законот за избор на членови на делегациите и на делегатите во собранијата на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ" бр. 7/82 и 8/86).

6. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Бр. 20-3337/1
6 октомври 1990 година
Скопје

Претседател
на Републичката изборна комисија,
**Никола Конески,** с. р.

ОБРАЗЕЦ БР. 1
Член 23 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници

ОБРАЗЕЦ ЗА СОБИРАЊЕ НА ПОТПИСИ
за предлагање на кандидат за пратеник во Собранието на Социјалистичка Република Македонија

ПРЕДЛАГАЧ: ______________________

политичка организација, други форми на политичко организирање и здружување или име на граѓанинот кој предлага

За кандидат за пратеник во Собранието на Социјалистичка Република Македонија во Изборната единица бр. ________ општина ____________ го предлага

______________________
име и презиме, точна адреса, матичен број, припадност на политичка организација, односно друга форма на организирање и здружување или независен кандидат.

ПРЕДЛАГАЧ,

______________________
име и презиме, адреса и матичен број

За предлогот на кандидатот за пратеник во Собранието на Социјалистичка Република Македонија, својот потпис го ставија следните граѓани:

СПИСОК
на потписниците на поднесениот предлог

| Ред. бр. | Име и презиме | Адреса | Матичен број | Потпис |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

______________________
потпис на органот кој води евиденција за избирачкото право на граѓаните

ОБРАЗЕЦ БР. 2
Член 21 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници

ЛИСТА НА КАНДИДАТИ
за пратеници во Собранието на Социјалистичка Република Македонија

---

да се наведе називот на политичката организација,

---

односно политичките организации и други форми на

---

организирање и здружување и независен кандидат За пратеници во Собранието на Социјалистичка Република Македонија од Изборната единица број ——— општина ——————— се предложени и утврдени следните кандидати:

1. ———————————————
   име, презиме и живеалиште на кандидатот
2. ———————————————
   и тн.

Во ———————
Место и дата

Овластен претставник на подносителот на листата

ОБРАЗЕЦ БР. 3
Член 25 став 2 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници

ИЗЈАВА
за прифаќање на кандидатурата

Јас прифаќам кандидатурата за пратеник во Собранието на Социјалистичка Република Македонија од изборната единица бр. ——— општина ——— ——————— утврдена ——————— да се наведе начинот на ут-

———————

врдување на кандидатурата

Во ———————
Место и дата

КАНДИДАТ

———————

име, презиме, точна адреса на живеење и бр. на тел. (доколку кандидатот има телефон)

ОБРАЗЕЦ БР. 4
Член 25 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници

ПОТВРДА

Се потврдува дека Изборната комисија на Изборната единица број ———, општина ——————— ги прими изборните материјали ——————— да се наведат при-

——————— од ———————

мените материјали политичката организација, и

---

други форми на организирање и здружување и не- ——————— на ден ——————— во ——— часот. зависен кандидат

Во ———————
Место и дата

———————

потпис на лицето кое ги предало материјалите

———————

потпис на лицето кое ги примило материјалите

М. П.

———————

печат на Комисијата

ОБРАЗЕЦ БР. 5
Став 3 на член 28 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници

ЗАПИСНИК
за утврдување на редоследот на политичките организации и други форми на организирање и здружување и независен кандидат за составување на Заедничката листа на кандидати за избор на пратеници во Собранието на СРМ за изборната единица бр. ——— општина ——————— што ќе се одржат на ——— 199— година

На седницата на Изборната комисија на Изборната единица за избор на пратеник во Собранието на СРМ од Изборната единица бр. ——— општина ——————— одржана на ——— 199— година, на која присуствуваат и претставници на политичките организации и другите форми на организирање и здружување и независните кандидати, што предложиле кандидати за пратеници од оваа изборна единица, беше извршена ждрепка за утврдување на редоследот на политичките организации и другите форми на организирање и здружување и независен кандидат за заедничката листа на кандидати за пратеници во Собранието на СРМ од Изборната единица бр. ———.

За ждрепката на посебни ливчиња се испишани броевите од 1 до ——— согласно бројот на политичките организации и другите форми на политичко организирање и здружување и независен кандидат кои што предложиле и утврдиле кандидати за пратеници од Изборната единица бр. ——— општина ——— ———————. Секое ливче за ждрепката беше свиткано на четири дела, спуштено во кутијата и потоа е извршено мешање на ливчињата во истата.

Редоследот на извлекување на ливчињата од кутијата е утврден според азбучниот редослед на називот на политичката организација односно на другата форма на организирање и здружување и според азбучниот редослед на презимињата на независните кандидати. По утврдувањето на овој редослед, се пристапи кон извлекување на ливчињата од кутијата.

Со ждрепката е утврден следниов редослед на политичките организации или другите форми на организирање и здружување и независниот кандидат од Изборната единица бр. ——— општина ———————.

1. ———————————————
   (назив на политичката организација и други форми на организирање и здружување и независен кандидат)
2. ———————————————
   и тн.

СЕКРЕТАР

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на надлежната изборна комисија,

ЧЛЕНОВИ:

1 ———————
2. ———————
3. ———————

ОБРАЗЕЦ БР. 6
Член 27 и 28 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници

ЗАЕДНИЧКА ЛИСТА НА КАНДИДАТИ
за пратеници во Собранието на Социјалистичка Република Македонија од Изборната единица бр. —— општина ——————

Изборната комисија на Изборната единица бр. ——— општина —————— откако утврди дека предлагањето и утврдувањето на кандидатите е извршено согласно Законот, ја утврди Заедничката листа на кандидати и тоа:

1. ——————————————
име и презиме на кандидатот, политичка организација, односно политичките организации и други форми на организирање и здружување и независен кандидат
2. ——————————————
и тн.

ИЗБОРНА КОМИСИЈА НА ИЗБОРНА ЕДИНИЦА БР. ——— ОПШТИНА ——————

Во ——————
Место и дата

СЕКРЕТАР ПРЕТСЕДАТЕЛ

ЧЛЕНОВИ:
1. ——————
2 ——————
3. ——————

М. П.

ОБРАЗЕЦ БР. 7
Член 10 став 6 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници

Републичката изборна комисија во постојан состав, врз основа на член 10 став 6 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници на седницата одржана на ден ——— 199— година, донесе

РЕШЕНИЕ
за утврдување на променливиот состав на Републичката изборна комисија

За членови и нивни заменици во променливиот состав на Републичката изборна комисија се утврдуваат:

1. Член ——————————————
име и презиме, политичка организација и други форми на организирање и здружување и независен кандидат
Заменик на членот ——————————
име и презиме, политичка организација и други форми на организирање и здружување и независен кандидат
2. ——————————————
и тн.

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

СЕКРЕТАР ПРЕТСЕДАТЕЛ

ЧЛЕНОВИ:
1. ——————
2 ——————
3 ——————
4 ——————
5. ——————

ОБРАЗЕЦ БР. 8
Член 31 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници

ОГЛАС
на Заедничката листа на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Социјалистичка Република Македонија од Изборната единица бр. ——— општина ——————, што ќе се одржат на ——— 199— година

Изборната комисија на Изборната единица бр. ——— општина —————— врз основа на член 27 и 28 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници на седницата одржана на ——— 199— година ја состави Заедничката листа на кандидати за пратеници и тоа:

1. ——————————————
име и презиме, политичка организација, односно политичките организации и други форми на организирање и здружување и независен кандидат
2. ——————————————
и тн.

ИЗБОРНА КОМИСИЈА НА ИЗБОРНА ЕДИНИЦА БР. ——— ОПШТИНА ——————

Во ——————
Место и дата

СЕКРЕТАР ПРЕТСЕДАТЕЛ

ЧЛЕНОВИ:
1. ——————
2. ——————
3. ——————

ОБРАЗЕЦ БР. 9
Член 38 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници

ГЛАСАЧКО ЛИВЧЕ*
за избор на пратеник во Собранието на Социјалистичка Република Македонија, од Изборната единица бр. ——— општина ——————

Во Изборната единица се избира еден пратеник:

1. ——————————————
име и презиме, политичка организација односно политичките организации и други форми на организирање и здружување и независен кандидат
2. ——————————————
и тн.

М. П.

* Кандидатите во гласачкото ливче се внесуваат по ист редослед од Заедничката листа на кандидати.

ОБРАЗЕЦ БР. 10
Член 67 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници

ГЛАСАЧКО ЛИВЧЕ
за отповикување на пратеник во Собранието на Социјалистичка Република Македонија од Изборната единица бр ——— општина ——————

1. ——————————————
име и презиме на пратеникот за чие отповикување се гласа

ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ ПРОТИВ ОТПОВИКУВАЊЕ

М. П.

ОБРАЗЕЦ БР. 11
Член 36 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници

ЗАПИСНИК
ЗА РАБОТАТА НА ИЗБИРАЧКИОТ ОДБОР СПРОТИ ДЕНОТ НА ИЗБОРИТЕ

Избирачкиот одбор на Избирачкото место бр. ——— на Изборната единица бр. ——— општина —————— во состав од:

1. ———————— претседател
———————— зам. претседател
2. ———————— член
———————— зам. член
3. ———————— член
———————— зам. член

Се состана на ———— во ———— часот
дата
во просториите определени за избори за ова Избирачко место и утврди дека просторијата одговара, не одговара ————————
да се наведе поради кои причини не одговара на условите предвидени во член 35 став 3 ———— од Законот и ќе преземе мерки за отстранување на недостатоците.

Избирачкиот одбор од Изборна комисија на Изборна единица ја прими Заедничката листа на кандидати, изводот од избирачкиот список, гласачка кутија, гласачки ливчиња и образецот на Записникот за работата на Избирачкиот одбор.

Во ————————
место и дата

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Избирачкиот одбор

ЧЛЕНОВИ:

1. ————————
2. ————————

ОБРАЗЕЦ БР. 12
Член 51 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници

З А П И С Н И К
ЗА РАБОТАТА НА ИЗБИРАЧКИОТ ОДБОР ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ГЛАСАЊЕТО НА ИЗБИРАЧКОТО МЕСТО БР. ——— НА ИЗБОРНАТА ЕДИНИЦА БР. ——— ОПШТИНА ————

Избирачкиот одбор се состана на ———— во
дата
———часот во состав:

ПРЕТСЕДАТЕЛ ————————
име и презиме
ЧЛЕНОВИ ————————
————————
име и презиме

Пред 7 часот во присуство на Избирачкиот одбор е отворена просторија за гласање и е утврдено дека таа е во иста состојба каква Избирачкиот одбор ја оставил претходниот ден.

Точно во 7 часот Избирачкото место е отворено. Во текот на времето определено за гласање гласаа вкупно ———— избирачи, според изводот од избирачкиот список.

Избирачкото место е затворено во ——— часот. На избирачите кои се затечени во просториите за гласање им е овозможено да гласаат, и гласањето е заклучено во ——— часот.

Во текот на гласањето не се случи ништо што би требало да се внесе во записник.

На избирачкото место е нарушен редот и мирот.

————————
да се опишат настаните
————————

Потоа Избирачкиот одбор пристапи кон утврдување на резултатите од гласањето на избирачкото место.

Избирачкиот одбор утврди дека на избирачкото место останале неупотребени ———— гласачки ливчиња кои се запечатени во посебен омот, со соодветна ознака и бројот на неупотребените гласачки ливчиња.

Избирачкиот одбор утврди дека од посебниот омот не се земени гласачките ливчиња односно се земени ——— гласачки ливчиња, остатокот е запечатен.

Избирачкиот одбор утврди дека во изводот од избирачкиот список за ова избирачко место се запишани ———— избирачи од кои гласале ———— избирачи.

Со лична карта или потврда гласале ———— избирачи.

Поради телесна мана или поради неписменост на избирачот во гласањето му помагале други лица во ———— случаи.

Гласачката кутија е отворена и по пребројувањето на гласачките ливчиња е утврдено дека според изводот од избирачкиот список гласале ———— избирачи, а според гласачките ливчиња ———— избирачи.

Со пребројување на гласачките ливчиња е утврдено дека одделните кандидати од Листата го добиле следниот број на гласови:

1. Кандидат ————————
име и презиме, политичка организација односно политички организации и други форми на организирање и здружување и независен кандидат
добил ———— гласови.

2. Кандидат ———————— добил ———— гласови. и тн.

Неважечки гласачки ливчиња има ————.

Во ————————
Место и дата

ПРЕТСЕДАТЕЛ

ЧЛЕНОВИ:
1. ————————
2. ————————

ОБРАЗЕЦ БР 13
Член 54 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници

З А П И С Н И К

за работата на Изборната комисија на Изборната единица бр. ——— општина ———————— за избор на пратеник во Собранието на Социјалистичка Република Македонија за утврдување резултати од гласањето за избор на пратеник

Седницата е одржана на ———————— 199— година, со почеток во ——— часот.

Присутни на седницата на Комисијата се: Претседателот ———————— секретарот ———————— и членовите
1. ————————
2 ————————
3. ————————

1) На изборите за избор на пратеници во Собранието на Социјалистичка Република Македонија што се одржаа на ———— 199— година, оваа Комисија ги огласи кандидатурите на:

1. На кандидатот ————————
име и презиме, политичка организација односно политички организации и други форми на организирање и здружување и независен кандидат

2. На кандидатот ———————— и тн.

2) Комисијата ги прими изборните материјали од сите избирачки одбори во Изборната единица бр. ——— општина ————————. По прегледот на истите и по пребројувањето на гласачките ливчиња, Комисијата утврди дека резултатот од изборите на одделните избирачки места во Изборната единица, е како следува:

Во Изборната единица број ————————

| Р. бр. | Изборно место | Вкупно запишани избирачи | Гласале од запиш. избирачи | Гласале со л. к. и потврда | Неваж. глас. ливч. | Гласале за кандидатот I, II, III и тн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | | |
| 2. | | | | | | |
| 3. итн. | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | |

3) Според изводите од избирачките списоци во Изборната единица број ——— општина ——— има вкупно ——— со букви ——— избирачи.

4) До утврдувањето на резултатите од гласањето Комисијата утврди дека се пристигнати ——— гласачки ливчиња од граѓани кои се наоѓаат на отслужување на воениот рок, воена вежба и на привремена работа и престој во странство.

5) Според резултатите од сите избирачки места во целата Изборна единица, одделните кандидати го добиле следниот број на гласови:

1. За кандидатот ———
   име и презиме, политичка организација односно политички организации и други форми на организирање и здружување и независен кандидат
   гласови ——— со букви ———
2. За кандидатот ———
   гласови ——— со букви ———
   итн.

6) Според наведениот резултат Комисијата на Изборната единица утврдува дека согласно член 54 став 1 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници, за пратеник во Собранието на Социјалистичка Република Македонија, во Изборната единица бр. ——— општина ———, е избран

———

име и презиме, место на живеење, политичка организација и други форми на организирање и здружување и независен кандидат

Седницата на Комисијата заврши во ——— часот.

ИЗБОРНА КОМИСИЈА НА ИЗБОРНАТА ЕДИНИЦА БРОЈ ——— ОПШТИНА ———

Во ———
место и дата

СЕКРЕТАР, ПРЕТСЕДАТЕЛ,

ЧЛЕНОВИ:

1. ———
2. ———
3. ———

ОБРАЗЕЦ БР. 14
Член 54 став 2 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници

НАДЛЕЖНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
БРОЈ ———
——— 199— год.

Изборната комисија на изборната единица утврди дека ниеден кандидат за пратеник во Собранието на Социјалистичка Република Македонија во Изборната единица бр. ——— општина ——— не добил потребен број гласови утврден со член 54 став 1 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници, поради што врз основа на член 54 став 2 од Законот, на седницата одржана на ——— 199— година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ПОВТОРУВАЊЕ НА ГЛАСАЊЕТО

Во Изборната единица бр. ——— општина ——— за избор на пратеник во Собранието на Социјалистичка Република Македонија, гласањето се повторува.

Во смисла на член 54 став 3 се утврдува:

ЛИСТА НА КАНДИДАТИ

1. ———
   име и презиме, адреса, ознака на политичката организација, односно политичките организации и други форми на организирање и здружување и независен кандидат.
2. ———
   итн.

Повторното гласање ќе се одржи на ———

Образложение

———

да се наведат причините поради кои гласањето се повторува.

СЕКРЕТАР, ПРЕТСЕДАТЕЛ,

ЧЛЕНОВИ:

1. ———
2 ———
3. ———

М. П.

ОБРАЗЕЦ БР. 15
Член 62 и 54 став 4 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници

НАДЛЕЖНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
БРОЈ ———
——— 199— год

Изборната комисија на Изборната единица бр. ——— општина ———, врз основа на член 62 а во врска со член 54 став 4 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници на седницата одржана на ——— 199— година донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ПОВТОРНИ ИЗБОРИ

Се распишуваат повторни избори во Изборната единица бр. ——— општина ——— за избор на пратеник во Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Гласањето ќе се изврши според нова Листа на кандидати (член 61 став 1 од Законот).

Повторните избори ќе се одржат на ———

СЕКРЕТАР, ПРЕТСЕДАТЕЛ,

ЧЛЕНОВИ:

1. ———
2. ———
3. ———

ОБРАЗЕЦ БР. 16
Член 55 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници

НАДЛЕЖНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
БРОЈ ——————
—————— 199— год.

Изборната комисија на Изборната единица бр. ——— утврди дека при изборите на избирачкото место бр. ——— општина ——————— има неправилности, поради што врз основа на член 55 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници, на седницата одржана на ——————— 199— година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ГЛАСАЊЕТО

Се поништува гласањето спроведено на Избирачкото место бр. ——— Изборна единица бр. ——— општина ——————— за избор на пратеник во Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Гласањето на избирачкото место бр. ——— на Изборната единица бр. ——— општина ——————— се повторува

Образложение

———————————————————

во образложението да се наведат неправилностите кои влијаеле на резултатите од изборите

СЕКРЕТАР, ПРЕТСЕДАТЕЛ,

ЧЛЕНОВИ:
1 ———————————
2. ———————————
3. ———————————

ОБРАЗЕЦ БР. 17
Член 62 и 55 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници

НАДЛЕЖНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
БРОЈ ——————
—————— 199— год.

Изборната комисија на Изборната единица бр. ——— општина ——————— врз основа на член 62, а во врска со член 55 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници на седницата одржана на —————— 199— година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ПОВТОРНИ ИЗБОРИ

Се закажуваат повторни избори за гласањето поништено со решението бр. —————— од ——————— 199— година на избирачкото место бр. ——— односно на избирачките места на Изборната единица бр. ——— општина ——————.

Гласањето ќе се изврши според постојната листа на кандидати, на —————— 199— година.

Образложение

———————————————————

да се наведат причините поради кои се закажани повторни избори

СЕКРЕТАР, ПРЕТСЕДАТЕЛ,

ЧЛЕНОВИ:
1. ———————————
2. ———————————
3. ———————————

ОБРАЗЕЦ БР. 18
Член 58 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници

СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
Број ——————
—————— 1990 година

УВЕРЕНИЕ
ЗА ИЗБОР НА ПРАТЕНИК

Врз основа на резултатите од изборите за пратеник во Собранието на Социјалистичка Република Македонија, од Изборната единица бр. ——— општина ———————, е избран

———————————————————

име, презиме и живеалиште

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

М. П.

**571.**

Врз основа на член 22 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници („Службен весник на СРМ“ бр. 28/90), Републичката изборна комисија на седницата одржана на 6 октомври 1990 година, утврди

ПРАВИЛА
за предлагање и утврдување на кандидати за пратеници и одборници од граѓаните

Член 1

Со овие Правила се утврдува постапката за предлагање и утврдување на кандидати за пратеници во Собранието на СРМ и одборници во собранијата на општините и на градската заедница од граѓаните (независни кандидати).

Член 2

Предлог за кандидирање на независни кандидати може да поднесе секој граѓанин кој има општо избирачко право и живеалиште на подрачјето на изборната единица за која се кандидираат независните кандидати.

Член 3

Постапката за предлагање на независни кандидати започнува со ставање потпис од првиот предлагач на образецот од член 23 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници (Законот).

Предлагачот од став 1 на овој член го организира собирањето на потписи од потребниот број на граѓани.

Член 4

Потписите за предлагање на независни кандидати, граѓаните ги даваат пред надлежниот орган кој води евиденција за избирачкото право на избирачите од изборната единица.

Член 5

Независниот кандидат се смета за утврден кога ќе се собере најмалиот број потписи предвиден со ставовите 4 и 5 од членот 20 од Законот.

Член 6

Утврдената листа на независните кандидати во рокот предвиден во член 25 се доставува до надлежната изборна комисија, потпишана од овластен претставник на независниот кандидат.

Со листата на кандидати се доставуваат: образецот од член 23 и изјавата од предложениот кандидат за прифаќање на кандидатурата (член 25 став 2).

Член 7

Независниот кандидат има свој овластен претставник.

Овластениот претставник на независниот кандидат е лице што ќе го определи кандидатот.

Овластениот преставник пред надлежната изборна комисија ќе се легитимира со писмена исправа заверена од органот за заверка на потписи.

Член 8

Овие правила влегуваат во сила со денот на утврдувањето а ќе се објават во „Службен весник на СРМ".

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Бр. 20-12
6 октомври 1990 година
Скопје

Претседател
на Републичката изборна комисија,
**Никола Конески,** с. р.

Секретар
на Републичката изборна комисија
**Георгина Мицкоска,** с. р.

**572.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 5 септември 1990 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ОДБИВА предлогот за оценување уставноста и законитоста на член 8 став 1 под „а" и на член 12 од Правилникот за распределба на станови и станбени кредити на работниците во Основното училиште „Пере Тошев" во село Росоман, општина Кавадарци, донесен на собир на работниците на 5 септември 1988 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означеното основно училиште на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Основниот суд на здружен труд во Скопје, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одредбите од Правилникот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што во рамките на основот станбена положба на работниците предвидува поголем број бодови за работниците — состанари и станари во приватни станови во однос на работниците кои живеат кај своите родители и затоа што го предвидува основот возраст на работникот, што не било во согласност со уставните начела на заемност и солидарност и за распределба според трудот и резултатите од трудот.

4. На седницата Судот утврди дека Правилникот содржи разработен систем на основи и мерила за утврдување на редот на првенство за добивање на стан на користење, при што се предвидени и основите станбена положба и придонес на работникот во работата. Притоа, во рамките на основот станбена положба на работниците, во член 8 став 1 под „а" е предвиден подосновот вид на сместување, во чии рамки за работникот — потстанар, состанар и станар во приватен стан се предвидени поголем број бодови во однос на работникот сместен во стан на своите родители. Понатаму, Судот утврди дека со член 12 од Правилникот, како еден од основите е предвидена возраста на работникот и е вреднувана зависно од годините на старост.

5. Согласно член 42 и 43 од Законот за станбени односи („Службен весник на СРМ" бр. 36/77, 14/75, 27/86, 21/89 и 1/90), давателот на станот на користење односно работниците со самоуправен општ акт ги утврдуваат условите и начинот на давање на становите на користење односно основите и мерилата за определување редот на првенство за добивање на користење стан во општествена сопственост, при што, според мислењето на Судот, се должни да ги почитуваат уставните начела на заемност и солидарност и за распределба според трудот и резултатите од трудот.

Судот смета дека, во рамките на самоуправното право на работниците да ги утврдуваат основите и мерилата за определување на редот на првенство за добивање на користење стан во општествена сопственост, можат да го предвидат и подосновот вид на сместување во рамките на основот станбена состојба, како и основот години на старост на работникот и различно да ги вреднуваат во зависност од интензитетот на изразување на овие основи и подоснови.

Со оглед на тоа што Правилникот содржи разработен систем на основи и мерила за утврдување редот на првенство за добивање стан на користење, при што доминантно влијание има основот станбена положба, и што е вреднуван и придонесот на работниците во работата, а со оспорените одредби се утврдуваат само дополнителни основи и подоснови, Судот оцени дека оспорените одредби од Правилникот не се во несогласност со наведените уставни начела, поради што одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 247/89
5 септември 1990 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
м-р **Јордан Арсов,** с. р.

---

**Во издание на НИРО СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СРМ излезе од печат**

## ЗБИРКА
## НА ПРОПИСИ ОД ОБЛАСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

**Збирката ги содржи: Законот за основите на безбедноста на сообраќајот на патиштата; Правилникот за сообраќајните знаци на патиштата; Правилникот за знаците што на учесниците во сообраќајот на патиштата им ги даваат овластените лица; Програмата за полагање на возачки испит; други прописи од областа на сообраќајот, како и Условите за осигурување од авто одговорност и Условите за комбинирано осигурување на моторни возила. Во прописите се внесени сите досегашни измени и дополнувања.**

**Цена на збирката е 220,00 динари за еден примерок.**

---

**СОДРЖИНА**

565. Одлука за разрешување на член на Советот за народна одбрана на Претседателството на СРМ и за изменување нов член на Советот — — — — — — — — 581
566. Одлука за разрешување на член на Републичкиот совет за заштита на поредокот утврден со Уставот и за именување нов член на Советот — — — — — — — 581
567. Одлука за користење на средства на Републичкиот буџет за 1990 година — — 581
568. Одлука за користење на средствата од Постојаната резерва на СР Македонија — — 581
569. Одлука за користење на средства од Постојаната резерва на СР Македонија — — 582
570. Решение за пропишување на обрасците за спроведување на изборните дејствија за избор и отповикување на пратеници и одборници и за нивната употреба од изборните органи — — — — — — — — 582
571. Правила за предлагање и утврдување на кандидати за пратеници и одборници од граѓаните — — — — — — — — 587
572. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр 247/89 од 5 септември 1990 година 588

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „Васил Ѓоргов" бб. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Телефон 228-204. Пошт. фах. 51. Жиро сметка 40100-603-12498. Печат: Графичко-издавачко претпријатие „Гоце Делчев" — Скопје**